Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 март 2019 година

Скопје, март 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 март 2019 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 123-та седница на Владата, одржана на 25 февруари 2019 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година
- Извештај од Седмиот и Осмиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Одлука за продажба на станбен простор бр.02-10722/49-1 од 12.9.2018 година и Одлука за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба бр.02-3139/1 од 19.3.2019 година, со Предлог-одлуки

2. Годишна пресметка за 2018 година и Годишен извештај за работата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за 2018 година, со Предлог-одлука

3. Барање за добивање согласност за основање на автокамп во Општина Струга, со Предлог-одлука

4. Информација за продажба за одземен недвижен имот со јавно наддавање по електронски пат, со Предлог-одлука

5. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (ДП Бр.03-48/19 Охрид)

6. Информација за осврт на Национална политика за управување со радиоктивен отпад и искористени радиоактивни извори на Република Северна Македонија

7. Информација за Барањето на Македонската кошаркарска федерација за одземање на македонско државјанство

8. Информација за реализација на проектот „Младинска картичка"

9. Барање за давање согласност за расходување на движни ствари, со Предлог-одлука

### б) Економски систем и тековна економска политика

10. Информација во врска со отпочнување активности за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019 - 2023

11. Информација во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2018 година за Меѓународниот аеродром „Скопје"

12. Информација за потребата за прекатегоризирање на општински пат во државен пат - регионален пат Р1312, делница: Врска со А3 (Каратманово) - Велес, по барање на Општина Велес, а врз основа на одлука на Општина Велес за прекатегоризација на дел од општински пат во регионален пат, со Предлог-одлука

13. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и води на Република Бугарија за соработка во областа на животната средина и заштита на водите

14. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци" со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Горица" од с.Чешиново, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на Договорот и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето

15. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр.1 „Базерник", бр.2 „Лесково", бр.3 „Журче" и бр.4 „Прибилци" со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Долина на мечките" од Демир Хисар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата

16. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 2 „Симница", бр.3 „Јеловце", и бр.6 „Балин Дол" со кои управува концесионерот ДПТУ „АС-КОМЕРЦ" Владимир ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата

17. Информација за подготовката на ревидираната Методологија за следење на реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија 2015 - 2020, со Предлог-програма, Акциски план и Предлог-методологија

18. Извештај од Првиот состанок на работната група за решавање на правниот статус на АД ТЕЦ Неготино

19. Информација за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија - Идризово ДООЕЛ Скопје" и потребата за преземање на долг од страна на Управата за извршување на санкциите

**в) Политички систем**

20. Предлог-закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година

21. Информација за потребата за обезбедување на буџет за спогодбено решавање на барањата за надоместок на штета на лица неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода

22. Извештај за извршените преговори за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и

Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-договор и Предлог-протокол

23. Информација за подготовка на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 11 април 2019 година, во Брисел

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

24. Информација со Предлог за воспоставување на Ресурсен Центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање (Center of Exellence on Gender Responsive Budgeting)

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

25. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за Седумнаесетта емисија на обврзници за денационализација

26. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година

27. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

28. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема

**б) Политички систем**

29. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

30. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „IMMEDIATE RESPONSE 19”, во Република Хрватска и Република Словенија

31. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „ADRIATIC STRIKE 19", во Република Словенија

32. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „BEYOND HORIZONT 2019", во Република Бугарија

33. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „ANATOLIAN PHOENIX 19", во Република Турција

34. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „PLATINUM WOLF 19", во Република Србија

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана

36. Предлог-решение за изменување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

37. Барање на Мурат Карамехмед за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

38. Барање на Мехмед Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

39. Барање на Мустафа Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

40. Барање на Шукри (Јусуфов) Ишик за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Северна Македонија**

42. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, поднесен од група пратеници

43. Годишен извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2017/2018 година

44. Годишен извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2018 година

45. Барање за давање на автентично толкување на член 44 став (1) од Законот за стечај, поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

**д) Други предлози**

46. Кадровски прашања

47. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

48. Извештај за финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево за четвртиот квартал (1.10-31.12.2018 година)

49. Информација за потребата од склучување на договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини - дијабаз помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и подизведувачот на работите за изградба на автопатот А2, делница Кичево - Охрид, на локалитетот „Врбјани" Општина Дебарца

50. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР

51. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација“

52. Информација за реализација на проектите: - „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железничкиот сообраќај” - „50% попуст за ученици и студенти” - „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“ - „Средношколска среда” - „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај”, за 2018 година

53. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за четврт квартал за 2018 година

54. Годишен извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на овој закон во 2018 година

55. Годишен акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2019

56. Извештај за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2017 и 2018 година

57. Информација во врска со напредокот во реализацијата на активностите од мекките мерки за електрична енергија

58. Информација за активностите и напредокот на иницијативите за унапредување на електронската трговија во Светската трговска организација

59. Информација за напредокот и активностите во врска со Програмската рамка на Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија 2018 - 2020

60. Информација за напредокот на мерките за климатски промени од Повелбата за одржливост

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

61. Барање за давање автентично толкување на член 117 од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија" бр.241/2018), поднесено од група пратеници

62. Барање за давање на автентично толкување на член 8-а став (1) алинеи 3 и 4 од Изборниот законик, поднесено од пратениците Диме Велковски и Никола Мицевски

63. Информација за Предлог-стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019 - 2024 година (Ревидирана стратегија), со Акциски план

64. Предлог за поведување на постапка за водење преговори за утврдување на текстот на Договорот за размена на податоци за верификација на изјави за имотна состојба, со Предлог-текст на Договорот на англиски јазик

65. Информација за времено решавање на просторното сместување на Математичко-информатичка гимназија (во основање)

66. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците-Скопје

67. Информација за измена на определени инспекциски места на царински испостави за контрола на увоз на храна од неживотинско потекло

68. Комуникациска стратегија на Владата на Република Северна Македонија за 2019-2020 година

69. Информација во врска со составот на Националното координативното тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

*

*    *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 123-та седница на Владата, одржана на 25 февруари 2019 година

*

*    *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања ги информираше членовите на Владата за остварената средба со претседателот и членовите на Државната изборна комисија во рамките на институционалните посети поврзани со имплементацијата на реформите од Планот 18.

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, ги информираа членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

Истовремено, Владата го разгледа Извештајот за одржаните состаноци до Работната група за следење на капитални инвестиции раководена од заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во врска со МЕР, и тоа ЛОТ 1. Изградба на магистрален гасовод Делница Блок станица 5 - Неготино со ГМРС Штип и ГМРС Неготино, ЛОТ 5 - делница Скопје - Тетово - Гостивар Динамички и Финансиски план и ЛОТ2 - делница Неготино - Битола Динамички и Финансиски план, како материјал за информирање.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (нов текст), која е доставена до Собранието на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно доставените дописи од Министерството за економија, да се измени и тоа:

- За Предлог-законот за развој, производство и промет на воени стоки, кој треба да се достави во владина постапка до 15.3.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.6.2019 година.

- За Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите, кој треба да се достави во владина постапка до 15.3.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.6.2019 година.

2. Согласно овие заклучоци соодветно да се измени и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член (11) став 2, член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

- **Извештај од Седмиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации,**

**за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

**1.** Владата го разгледа Извештајот од Седмиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок до 24 часа, да изврши промена на називите на институциите без надоместок, согласно Листата во прилог.

**2.** Владата го разгледа Извештајот од Осмиот состанок на Меѓуресорска работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следните заклучоци:

1) Владата им препорачува на приватните компании дека до трошење на залихите, да ги користат старите етикети, лабели, декларации, во кои како земја на потекло е наведено - Република Македонија, но не подолго од шест месеци.

2) Се препорачува на Државниот завод за индустриска сопственост, да изврши промена во решенијата каде што пишува Република Македонија, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, без надоместок и при издавање на нови решенија каде промената се однесува само на новиот назив на државата, истите да ги издава без надоместок.

3) Новиот назив на Македонска телевизија да гласи Национална телевизија, а новиот назив на Радиопрограмски сервис преку сателит и посебни радио програми - Радио Македонија да гласи Радиопрограмски сервис преку сателит и посебни радио програми - Радио Северна Македонија.

4) Новиот назив на Национална установа Македонска Филхармонија-Скопје да гласи Национална Установа Филхармонија на Република Северна Македонија.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-10722/49-1 од 12.9.2018 година и Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба бр.02-3139/1 од 19.3.2019 година, со предлог-одлуки, со заклучок да се разгледаат по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 2**

Владата по Годишната пресметка за 2018 година и Годишниот извештај за работата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за 2018 година, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Годишна пресметка за 2018 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во предложениот текст.

2. Го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Барањето за добивање согласност за основање на автокамп во Општина Струга, со Предлог-одлука и по Барањето ја донесе Одлуката за давање согласност за основање на автокамп „АС“, КО Мислешево Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба за одземен недвижен имот со јавно наддавање по електронски пат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и заклучи да го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот откако ќе се направат соодветни изменувања во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка кој Министерството за правда ќе ги предложи и достави до Владата, а со цел да се овозможи реализација на Одлуката.

**Точка 5**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (ДП Бр.03-48/19 Охрид), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за осврт на националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да постапи согласно извештаите на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 7**

Владата не расправаше по Информацијата за Барањето на Македонската кошаркарска федерација за одземање на македонско државјанство.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Младинска картичка" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски и Министерството за здравство, да ја разгледаат можноста за вклучување во проектот „Младинска картичка", преку обезбедување на одредени поволности за младите од 15 до 29 години, кои поседуваат Младинска картичка и да ја информираат Агенцијата за млади и спорт до 10 април 2019 година.

2. Се препорачува на сите единици на локалната самоуправа, да ја разгледаат можноста за вклучување во проектот „Младинска картичка", преку обезбедување на одредени поволности за младите од 15 до 29 години, кои поседуваат Младинска картичка и да ја информираат Агенцијата за млади и спорт до 10 април 2019 година.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во декември 2019 година да ја информира Владата за текот на реализација на проектот „Младинска картичка".

**Точка 9**

Владата го разгледа Барањето за давање согласност за расходување на движни ствари, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со отпочнување активности за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019 - 2023 и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Државниот завод за статистика и Центарот за образование на возрасни, да номинираат свој претставник за член на меѓуресорската работна група за имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019 - 2023.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, за кои има предвидено активности во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019 - 2023, средствата потребни за реализација на активностите да ги планираат во своите годишни буџети за тековните години согласно временската рамка.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2018 година за Меѓународниот аеродром Скопје, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2018 година за Меѓународниот аеродром Скопје.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за прекатегоризирање на општински пат во државен пат - регионален пат Р1312, делница: Врска со А3 (Каратманово) - Велес, по барање на Општина Велес, а врз основа на одлука на Општина Велес за прекатегоризација на дел од општински пат во регионален пат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за категоризација на државните патишта, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и води на Република Бугарија за

соработка во областа на животната средина и заштита на водите и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и води на Република Бугарија за соработка во областа на животната средина и заштита на водите.

2. Го овласти Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, да го потпише Договорот меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија и Министерството за животна средина и води на Република Бугарија за соработка во областа на животната средина и заштита на водите.

## Точка 14

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци“ со кое управува концесионерот Здружение на ловци „Горица“ од с.Чешиново, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на Договорот и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето, за наредната седница на Владата.

## Точка 15

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр.1 „Базерник“, бр.2 „Лесково“, бр.3 „Журче“ и бр.4 „Прибилци“ со кои управува концесионерот Здружение на ловци „Долина на мечките“ од Демир Хисар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата за наредната седница на Владата.

## Точка 16

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на договорот за концесија на дивечот во ловиштата бр. 2 „Симница“, бр.3 „Јеловце“, и бр.6 „Балин Дол“ со кои управува концесионерот ДПТУ „АС-КОМЕРЦ“ Владимир ДООЕЛ експорт-импорт од Гостивар, со Предлог-одлуки за еднострано раскинување на договорите и Предлог-одлуки за присилна концесија на дивечот во ловиштата за наредната седница на Владата.

## Точка 17

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за подготовката на ревидираната Методологија за следење на реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и

децентрализација во Република Северна Македонија 2015 - 2020, со Предлог-програма, Акциски план и Предлог-методологија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Програмата за изменување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020.

2. Го прифати Акцискиот план за изменување на Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, за периодот 2018-2020.

3. Ја усвои Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за следење на реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 година.

4. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Агенцијата за млади и спорт, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој и Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, а им се укажува на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните, Дирекцијата за технолошки - индустриски развојни зони и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, веднаш до Министерството за локална самоуправа да доставаат номинации на контакт-лицата кои ќе информираат за степенот на реализација на активностите/проекти утврдени во Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, за периодот 2018-2020 година, кои се планирани да се спроведат во 2018 година.

## Точка 18

Владата го разгледа Извештајот од Првиот состанок на работната група за решавање на правниот статус на АД ТЕЦ Неготино и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот од првиот состанок на работната група за решавање на правниот статус на АД ТЕЦ Неготино.

2. Го задолжи Бирото за судски вештачења да направи процена на вкупниот имот на АД ТЕЦ Неготино без надоместокот кој следува за Бирото.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за состојбата со стопанската единица „Друштво за производство, промет и услуги Економија - Идризово ДООЕЛ Скопје“ и потребата за преземање на долг од страна на Управата за извршување на санкциите, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 20**

Владата на предлог на д-р Рената Дескоска, министер за правда го одложи од разгледување Предлог-законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата за обезбедување на буџет за спогодбено решавање на барањата за надоместок на штета на лица неоправдано осудени и неосновано лишени од слобода и го усвои со следниот заклучок:

- Согласно укажувањата на Министерството за финансии потребните средства за 2019 година потребно е да се обезбедат од расположливиот буџет на Министерството за правда за 2019 година, а за наредните години средствата да се обезбедат во рамки на максималните износи на расходи.

**Точка 22**

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-договор и Предлог-протокол и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршените преговори за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

2. Го прифати текстот на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

3. Го прифати текстот на Протоколот за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

4. Се овластува м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 11 април 2019 година, во Брисел и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Државниот испитен центар да номинира учесник на Поткомитетот, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 26 март 2019 година.

2. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие - Национална радио телевизија-Скопје да номинира учесник на Поткомитетот, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 26 март 2019 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го достави материјалот до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 26 март 2019 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави листата на учесници на Поткомитетот, до Европската комисија, најдоцна до 26 март 2019 година.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за воспоставување на Ресурсен Центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање (Center of Exellence on Gender Responsive Budgeting) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, по завршување на претседателските избори 2019 година, да потпише меморандум за соработка со Канцеларијата на UN Women во Скопје за отпочнување со активности за функционирање на Ресурсен центар

за родово одговорно креирање на политики и буџетирање (Center of Exellence on Gender Responsive Budgeting) на ул. „Маршал Тито“ бр. 22 во Скопје на КП 12010, КО Центар 1, сопственост на Министерството за труд и социјална политика, со Одлука бр. 42-11728/1 од 1.12.2015 година и впишано во Имотен лист бр. 44989, почнувајќи од јуни 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика до декември 2020 година да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за Седумнаесетта емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година (Дирекција за технолошки индустриски развојни зони), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата на предлог на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 28**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за

одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „IMMEDIATE RESPONSE 19", во Република Хрватска и Република Словенија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „ADRIATIC STRIKE 19", во Република Словенија, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „BEYOND HORIZONT 2019", во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „ANATOLIAN PHOENIX 19", во Република Турција, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „PLATINUM WOLF 19", во Република Србија, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КП бр. 5795/1, КО Центар 1), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето на Мурат Карамехмед за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија.

**Точка 38**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето на Мехмед Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија.

**Точка 39**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Мустафа Хоџаоглу за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија за наредната седница на Владата.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Шукри (Јусуфов) Ишик за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија за наредната седница на Владата.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, поднесен од група пратеници поради потребата Министерството за транспорт и врски да подготви заедничко мислење во кое ќе бидат содржани забелешките

изнесени во мислењата на Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Агенцијата за цивилно воздухопловство, како и мислењата од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, кои ќе бидат дополнително доставени и потоа да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 43**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2017/2018 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука да достави заедничко мислење, подготвено во соработка со Министерството за финансии.

**Точка 44**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2018 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2018 година е во функција на отчетност на работата на Дирекцијата, согласно член 42 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), според кој директорот доставува до Собранието на Република Северна Македонија Годишен извештај за работата на Дирекцијата.

Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Извештајот

**Точка 45**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 44 став (1) од Законот за стечај, поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 68 став (1) алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите. Според член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/08, 119/10 и 23/13), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Народниот правобранител,

градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно - правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Одредбата од член 44 став (1) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" број 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015) гласи:

„(1) Членовите на одборот на доверители имаат право на награда за својата работа, како и на надоместок за реално потребните трошоци".

Постоењето на ваква одредба во законот е со цел членовите на одборот на доверители да бидат мотивирани за работата, односно за должностите утврдени во членот 40 од Законот и за нивно завршување во законските рокови, со оглед дека стечајната постапка е итна постапка.

Согласно член 39 од Законот, Одборот на доверители го основа стечајниот судија по образложен предлог доставен од стечајниот управник, водејќи сметка особено за тоа кои ограничувања постојат во законот, односно кој може односно не може да биде член на одборот на доверители (дефинирано во член 38 од Законот).

Ова значи дека секој доверител кој нема законска пречка да биде именуван во одборот на доверители определува одредено лице кое како член ќе го застапува и ќе одлучува во одборот на доверители, како оперативен орган на доверителите во стечајната постапка.

Согласно член 5 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" бр.87/07 и 104/15), Државниот правобранител ги штити имотните права и интереси на Република Северна Македонија и државните органи. Оттаму, не е спорно дека овластениот претставник од државното правобранителство кое активно работи во стечајната постапка, согласно Законот за стечај има право на награда. Дали државниот правобранител, именуван од Државното правобранителство (да го застапува државниот орган-доверител во стечајна постапка) има право на награда или паричните средства по овој основ треба да бидат уплатени на самото Државното правобранителство, е прашање кое треба да биде регулирано од страна на Државното правобранителство.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба да се дава автентично толкување на член 44 став ( 1) од Законот за стечај.

**Точка 46**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 47**

**1.** Владата заклучи да се измени Заклучокот број 3 од точка 5 од Сто дваесет и четвртата седница на Владата, одржана на 5 март 2019 година и да гласи:

„Се задолжува Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување да стапи во комуникација со министерот за одбрана на Република Хрватска, со цел организирање на работен состанок.

**2.** Владата заклучи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот да преземат активности со цел обезбедување на возило за директорот на Агенцијата за употреба на јазиците и за истото да ја информираат Владата.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 18 март 2019 година до 24 март 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата заклучи Барањето на Оперативно-техничката агенција (ОТА) за имплементација на софтвер за сметководствена евиденција и пресметка на плата од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да се разгледа на наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 48**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" - Кичево за четвртиот квартал (1.10-31.12.2018 година), со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини - дијабаз помеѓу Јавното претпријатие

за државни патишта и подизведувачот на работите за изградба на автопатот А2, делница Кичево-Охрид, на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од ЕБОР, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Поддршка на воздухопловна федерација“, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектите: - „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железничкиот сообраќај“ - „50% попуст за ученици и студенти“ - „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“ - „Средношколска среда” - „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за четврт квартал за 2018 година, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведување на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на овој закон во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа најновиот текст на Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2019, како материјал за информирање.

## Точка 56

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2017 и 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата во врска со напредокот во реализацијата на активностите од меките мерки за електрична енергија, како материјал за информирање.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за активностите и напредокот на иницијативите за унапредување на електронската трговија во Светската трговска организација, како материјал за информирање.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот и активностите во врска со Програмската рамка на Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија 2018-2020, како материјал за информирање.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на мерките за климатски промени од Повелбата за одржливост, како материјал за информирање.

## Точка 61

Владата по Барањето за давање автентично толкување на член 117 од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија" бр.241/2018), поднесено од група пратеници, согласно Исправката го утврди следното мислење:

Во членот 3 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1993, 3/1994, 70/1994, 71/1996, 28/1997, 8/2001, 31/2001, 50/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 13/2006, 52/2006, 74/2006, 139/2006, 6/2007, 160/2007, 159/2008, 20/2009, 139/2009, 171/2010, 135/2011, 166/2012, 187/2013, 13/2014, 116/2015, 129/2015, 129/2015, 199/2015, 23/2016 и 190/2017) е пропишано дека:

„Доходот што подлежи на оданочување го сочинуваат следниве видови приходи остварени во земјата и во странство:

1) лични примања;
2) приходи од самостојна дејност;
3) приходи од продажба на сопствени земјоделски производи;
4) приходи од имот и имотни права;
5) приходи од авторски права и права од индустриска сопственост;
6) приходи од капитал;
7) капитални добивки;
8) добивки од игри на среќа и
9) други приходи.".

Во членот 14-а од Законот за персоналниот данок на доход се дефинирани личните примања. Имено, согласно наведениот член:

„Лични примања во смисла на член 14 од овој закон претставуваат:
1) плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот;
1-а) надоместоци на трошоци од работен однос исплатени над износите од членот 6 на овој закон и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, Општ колективен договор за приватниот сектор од обласа на стопанството, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа;
2) пензиите;
3) примањата на членови на органите на управување и на органите на надзор на трговските друштва;
4) примањата на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции;
5) примања на професионални спортисти (премии, трансфери и слично);
5-а) надоместок за врвни спортисти;
6) надоместок за време на боледување;
7) надоместок за време на отсуство од работа;
8) надоместок за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва;
9) надоместок на членовите на Македонската академија на науките и уметностите;
10) плата остварена со работа во странство врз основа на работен однос заснован во земјата и
11) секој поединечно остварен приход врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица".

Со дописот од Министерството за финансии до Здружение на пензионерите „Солидарност-Аеродром" од 7 март 2017 година, Секторот за даночна и царинска политика при Министерството доставило одговор до Здружението по прашањето „Дали треба да плати персонален данок на доход на надоместоците за патни трошоци поврзано со реализација на Програмата на здружението?". Во дописот се искажува став дека сите надоместоци за патни трошоци и сместување поврзани со реализација на Програмата на Здружението и во согласност

со финансискиот план и годишен извештај на истото, не претставуваат примања од член 3, став 1 и став 2 на Законот за персоналниот данок на доход.

Со измените и дополнувања на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр.190 од 25.12.2017 година) здруженијата и фондациите се ослободени од обврската за пресметување и плаќање на персонален данок на доход, за лица кои не се вработени во нив, за исплати по основ на трошоци за хотелско сместување и превоз. Имено, со член 6 став 1 точка 30 утврдено е дека данок на доход не се плаќа на примањата по основа на:

„надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници на настани, организирани во рамки на активностите на организацијата основана согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдени врз основа на документи за направените трошоци".

Во новиот Закон за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 241 од 26.12.2018 година), кој е во примена од 1 јануари 2019 година, во член 12, став 1, точка 41, е пропишано дека данок на доход не се плаќа на:

„надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници на настани, организирани во рамки на активностите на организацијата основана согласно со Законот за здруженија и фондации, утврдени врз основа на документи за направените трошоци".

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на член 117 од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 241/2018), поднесено од група пратеници.

**<u>Точка 62</u>**

Владата по Барањето за давање на автентично толкување на член 8-а став (1) алинеи 3 и 4 од Изборниот законик, поднесено од пратениците Диме Велковски и Никола Мицевски утврди мислење врз основа на заедничкото мислење на Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство, кое да биде доставено до Владата.

**<u>Точка 63</u>**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за Предлог-стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019 - 2024 година (Ревидирана Стратегија), со Акциски план и ја усвои Стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за 2019 - 2024 година (Ревидирана Стратегија), со Акциски план за имплементација на Стратегијата за ИКТ во правосудството 2019-2024 .

## Точка 64

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот за поведување на постапка за водење преговори за утврдување на текстот на Договорот за размена на податоци за верификација на изјави за имотна состојба, со Предлог-текст на Договорот на англиски јазик и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Предлог-текстот на Договорот за размена на податоци за верификација на изјави за имотна состојба како основа за водење на преговорите.

2. Се утврдува составот на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе ги води преговорите:

1) Владо Георгиев, претставник од Државната комисија за спречување на корупцијата - шеф на Делегацијата,

2) Киро Цветков од Министерството за правда-член на Делегацијата и

3) Симон Каневче од Министерството за надворешни работи-член на Делегацијата.

3. Се задолжува шефот и члeновите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење преговори за утврдување на текстот на Договорот за размена на податоци за верификација на изјави за имотна состојба.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите и постои потреба од парафирање.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да достави писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

## Точка 65

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за времено решавање на просторното сместување на Математичко-информатичка гимназија (во основање).

## Точка 66

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците-Скопје, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за измена на определени инспекциски места на царински испостави за контрола на увоз на храна од неживотинско потекло и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да донесе Решение за изменување и дополнување на Решението за определување на инспекциски места за контрола на храна од неживотинско потекло од увоз, најдоцна до 31 март 2019 година.

## Точка 68

Владата ја разгледа и ја усвои Комуникациската стратегија на Владата на Република Северна Македонија за 2019-2020 година.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата во врска со составот на Националното координативното тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија, со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања во рок од седум дена до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да достават номинации за член и заменик член на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за култура, Министерството за

информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа, а им се укажува на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија и Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби, во рок од седум дена до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да доставаат номинации за заменик член во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

Доколку министерствата сметаат дека има потреба да се промени и членот, да доставаат номинација за член и заменик член на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена по добивање на номинациите од министерствата, Националниот совет на инвалидски организации на Македонија и Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби, да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседавач и членови на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**